Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) објавува повик за ангажирање на **консултант/ка за подготовка на извештај Барометар за еднакви можности**.




Со подготовка на Барометарот за еднакви можности целта е да се обработат и анализираат емпириските добиени податоци од спроведената теренска анкета за перцепциите и искуствата на граѓаните и граѓанките на полето на дискриминација. Следењето на трендовите поврзани со ставовите за распространетоста на дискриминација преставува корисна алатка како за општата така и за стручната јавност.

Извештајот треба да овозможи сите заинтересирани страни да добијат увид во трендовите и потоа истите да ги користат во подобрување на мерките и политиките на национално ниво во борбата со дискриминација и нееднаквоста.

Доколку сте заинтересирани погледнете го подетално **описот на надлежности** .

**Рокот за поднесување на документите е до 02 јуни (петок) 2023 г. на fiv@mcms.mk**

Подготовката на извештајот Барометар за еднакви можности се реализира во рамки на проектот „ Комисијата за антидискриминација ја извршува својата превентивна и заштитна улога " кој го спроведува МЦМС, а финансиски е поддржан од Европската Унија. Дополнително, за реализација на оваа активност се направи синергија со Мисијата на ОБСЕ во Скопје кои се вклучени во подготовката и реализацијата на истата.